АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и 42/20) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), се доставува

Република Северна Македонија АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 03.09.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 3375 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Капитал“ .

3. **Датум на извршување на надзорот:** 03 септември 2020 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши со цел да се констатира дали овој издавач на печатен медиум постапил по Решението за преземање мерка – опомена бр.03-277 од 22.06.2020 година, кое Агенцијата му го упати по извршен редовен административен надзор. Редовниот надзор беше извршен на 22.04.2020 година и со него беше констатирано дека Трговското друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Капитал“ не ја исполнило обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми, според која сите издавачи на печатени медиуми се должни најдоцна до 31 март во тековната година, во еден дневен весник да ги објават податоците за сопственичката структура, односно податоците за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување и исечок од објавата да достават до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка – опомена бр.03-277 од 22.06.2020 година

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот беше констатирано дека овој издавач на печатен медиум во целост постапил по Решението за преземање мерка – опомена бр. 03-277 од 22.06.2020 година, односно дека во целост ја исполнил обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми.

**Образложение:** На 02.09.2020 година, Трговско друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Капитал“, во архивата на Агенцијата достави исечок од објава во дневниот весник „Нова Македонија“ од 17.04.2020 година (наш бр.03-3370/1 од 02.09.2020 година).

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***